20262634699

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 80, 81, 82, 94 став (7) и член 96 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025, 269/2025 и 132/2026), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција) на ден 2 ноември 2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА, КАКО И ЗА СОДРЖИНАТА И ИНФОРМАЦИИТЕ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ОБЈАВЕНИ ВО РЕФЕРЕНТНАТА ПОНУДА ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува обврската за интерконекција, како и за содржината и информациите што треба да бидат објавени во референтната понуда за интерконекција (во натамошниот текст: референтна понуда) на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за јавни фиксни говорни телефонски мрежи и услуги или на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за јавни мобилни говорни телефонски мрежи и услуги (во натамошниот текст: оператор).

Член 2

Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат дефиниции и појаснувања кои го имаат следното значење:

(а) точка за интерконекција е електронска пристапна точка за физичко поврзување на јавни комуникациски мрежи;

(б) услуга за започнување на повик (call origination) е пренос на повик од мрежната завршна точка на краен корисник кој повикува од една јавна комуникациска мрежа до точката за интерконекција преку која таа јавна комуникациска мрежа се поврзува со друга јавна комуникациска мрежа;

(в) услуга за завршување на повик (call termination) е пренос на повик од точката за интерконекција до мрежната завршна точка на повиканиот краен корисник во друга јавна комуникациска мрежа, идентификуван според географскиот број или до уредот или опремата за идентификување на крајните корисници на оператор на јавна мобилна комуникациска мрежа;

(г) LRIC (Long Run Incremental Costs) е методологија за пресметка на долгорочни трошоци;

(д) повик е повик во јавно достапни телефонски и факс услуги;

(ѓ) интерконекција на национално ниво е интерконекција помеѓу мрежите на два оператори во Република Северна Македонија со што се обезбедува нивните крајни корисници да комуницираат на национално ниво;

(е) интерконекција на интернационално ниво е интерконекција помеѓу мрежите на два оператори од кои едниот е во Република С Македонија, а другиот оператор е во странска држава, со што се обезбедува крајните корисници да комуницираат на интернационално ниво;

(ж) податоци за идентитификација на повикувачка линија (calling line identity data - CLI) е бројот или кодот што ја идентификува мрежната завршна точка на крајниот корисник кој повикува и кој што се пренесува преку мрежите на операторите при секој повик;

(з) претставување на идентификација на повикувачка линија (calling line identification presentation - CLIP) е услуга што овозможува претставување на податоците за идентитфикација на повикувачката линија;

(ѕ) забрана на идентификација на повикувачка линија (calling line identification restriction - CLIR) – услуга за оневозможување на претставувањето на податоците за идентификација на повикувачката линија;

(и) код за избор на оператор (carrier selection code - CSC) е код кој му е доделен на оператор-корисник од страна на Агенцијата и кој се користи од крајниот корисник на операторот за пристап до услугите на операторот-корисник;

(ј) точка за пристап на мрежата на операторот, соодветно и точка за пристап на мрежата на операторот-корисник е физички интерфејс (разделник – DF- Distribution Frame) во мрежата на операторот, соодветно и во мрежата на операторот-корисник, каде што може да се реализира интерконекцијата;

(к) интерконекциски линк е физички линк меѓу точката за пристап на мрежата на операторот и точката за пристап на мрежата на операторот-корисник;

(л) капацитет на интерконекцискиот линк е капацитетот дефиниран за интерконекцискиот линк и за соодветната точка за пристап каде што операторот-корисник сака да се интерконектира, изразен како целоброен производ од 2 Mbit/s за TDM (Time Division Multiplex) интерконекција и/или како целоброен производ од 30 говорни канали кои ќе се пренесуваат преку 1Gbit/s линк за IP (Internet Protocol) интерконекција;

(љ) точка на интерконекција (на интерконекцискиот линк) е физичка точка на која мрежата на операторот се поврзува со мрежата на операторот – корисник;

(м) простор на операторот-корисник е физички простор во кој што се наоѓаат комутацискиот центар и главниот разделник на операторот – корисник каде што се реализира интерконекцијата;

(н) објект на операторот е објектот во кој се наоѓаат комутацискиот центар и разделник на операторот каде што се реализира интерконекцијата;

(њ) простор на операторот е физички простор којшто ги вклучува: објектот, други објекти, како и неизграден недвижен имот во сопственост на операторот;

(о) помошен простор на операторот (Operator’s utility space) е простор во објект на операторот во кој е сместена опрема со која се обезбедува непречено функционирање на активната опрема на операторот, за работа на персоналот на операторот, како и минималниот простор неопходен за пристап до нив или до активната опрема;

(п) колокатибилен простор (co-locatable space) е простор на операторот во кој не се вклучува просторот зафатен со активната опрема и помошниот простор на операторот;

(р) простор за колокација (co-located space) е колокатибилен простор доделен на операторите - корисници за колокација;

(с) расположлив простор е колокатибилен простор во кој не се вклучени просторот за колокација и резервираниот простор (Прилог 1);

(т) физичка колокација е колокација при која опремата на оператор-корисник се сместува во просторијата на разделникот на операторот, а кога за тоа нема простор, операторот определува простор за поставување на опремата на операторот-корисник во друга просторија во истиот објект во кој се наоѓа и просторијата на разделникот;

(ќ) оддалечена колокација е колокција надвор од просторот за колокација на операторот;

(у) виртуелна колокација е колокација што не го подразбира директниот пристап на операторот-корисник кон опремата сместена во просторот за колокација, а нејзиното функционирање се обезбедува од операторот;

(у) оператор-корисник (Beneficiary) е оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој бара интерконекција.

II. ПОСТАПКА ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА

Член 3

(1) Операторите имаат право и обврска меѓусебно да преговараат во врска со интерконекцијата, со цел за обезбедување на јавни комуникациски услуги и интероперабилност меѓу услугите.

(2) За техничките, финансиските и другите прашања поврзани со интерконекцијата или пристапот, операторите се должни да склучат договор.

(3) Доколку операторите не постигнат договор за интерконекција, а на барање на еден од операторите, Агенцијата го решава спорот согласно со одредбите од член 52 од Законот за електронските комуникации.

(4) Операторите се должни да ја штитат доверливоста на сите податоци разменети при склучувањето на договори за интерконекција. Податоците не смеат да се користат за ниедна друга намена или да се пренесуваат на трети лица на кои таквите информации би им овозможиле конкурентна предност.

(5) Операторот е должен во рок од 10 (десет) работни дена од денот на приемот на барањето за интерконекција да одговори на истото.

(6) Договорот за интерконекција треба да се склучи во рок од 45 (четириест и пет) дена од денот на приемот на барањето за интерконекција.

(7) Договорот за интерконекција треба да содржи најмалку одредби за:

а) права и обврски на двата оператори што се интерконектираат;

б) услуги што се обезбедуваат со интерконекција;

в) точки на пристап и технички можности за интерконекција;

г) интерконекциски линкови;

д) цени;

е) времетраење на договорот за интерконекција;

ж) начин и постапка за раскинување и измена на договорот за интерконекција;

з) сите постапки за обесштетување.

(8) Операторите се должни до Агенцијата да ги достават склучените договори за интерконекција, како и склучените договори за интерконекција со странски оператори во рок од 15 дена од денот на нивното потпишување.

III. СОДРЖИНА НА РЕФЕРЕНТНАТА ПОНУДА

Член 4

Референтната понуда ги содржи сите елементи на мрежата и придружните средства потребни за обезбедување на интерконекција и со нив поврзаните услови и цени, а особено содржи:

а) барање за обезбедување интерконекција;

б) услуги што се обезбедуваат при интерконекција; в) пристапни точки на операторот;

г) интерконекциски линкови;

д) технички можности за интерконекција;

ѓ) колокација;

е) цени;

ж) склучување договор;

з) сите постапки за обесштетување.

Член 5

Референтната понуда за IP интерконекција покрај другото треба да содржи и:

а) структура на IP мрежата за интерконектирање, со неопходни информации за опремата за IP интерконектирање;

б) број и локации на точките за IP интерконектирање;

в) протоколи кои што ќе се користат за пренос на говорот и сигнализацијата на интерфејсите за IP интерконектирање, при што за протокол за сигнализација за говорни услуги кај јавните електронски комуникациски мрежи треба да се користи SIP протокол, а за интерконекција на јавни мобилни електронски комуникациски мрежи може да се користи и SIP-1 протокол, доколку двете страни се согласни. За протокол за сигнализација за SMS пораки, треба да се користи MAP преку SIGTRAN (M3UA/SCTP/IP), односно може да се користи SIGTRAN (M2PA/SCTP/IP) доколку двете страни се согласни;

г) останати технички параметри и интерфејси кои што се неопходни за непречено интерконектирање на IP основа.

III.1 Барање за обезбедување интерконекција

Член 6

(1) Барањето за склучување договор за интерконекција што го поднесува операторот-корисник до операторот, меѓу другото, содржи:

а) назив и седиште на операторот-корисник;

а) потврда за извршена регистрација на нотификација издадена од Агенцијата; в) вид на услуги што се обезбедуваат преку интерконекција;

б) адреси на точките за пристап од референтната понуда за кои операторот-корисник поднесува барање за интерконекција;

в) податоци за точките за пристап од референтната понуда за кои се бара колокација и вид на колокација;

г) планиран сообраќај;

д) предвиден (планиран) рок за времетраење на договорот;

ѓ) потврда за имплементирана функционалност на преносливост на броеви согласно Правилникот за преносливост на броеви издадена од Агенцијата;

ѕ) претходнопотпишан Договор со операторот за неоткривање на доверливи информации (Договор за доверливост) разменети при склучувањето на договори за интерконекција;

и) копија од Решение за доделување на национален код за сигнализација издадено од Агенцијата.

(2) Операторот му доставува на операторот-корисник одговор во рок од 10 (десет) работни дена од денот на приемот на барањето за склучување договор за интерконекција.

(3) Договорот за интерконекција треба да се склучи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на барањето за интерконекција.

(4) Доколку не дојде до склучување на договор за интерконекција во рокот утврден во ставот (3) на овој член, било која од страните може до Агенцијата да достави барање за решавање на спор, согласно членот 52 од Законот за електронските комуникации.

III.2 Услуги што се обезбедуваат при интерконекција

Член 7

Операторот треба на операторите-корисници да им ја понуди најмалку следната група услуги за интерконекција според условите определени со овој правилник:

а) услуга за интерконекција за завршување на повик на фиксни локации или завршување на повик и терминација на SMS пораки во мобилни електронски комуникациски мрежи;

б) услуга за интерконекција за започнување на повик на фиксни локации или започнување на повик од мобилна мрежа преку избор и/или предизбор на оператор (CS - carrier selection, CPS carrier pre-selection);

в) услуга за интерконекција за транзитирање на сообраќај.

Член 8

(1) Преку услугата за интерконекција за завршување на повик на фиксни локации или завршување на повик во мобилна мрежа, операторот обезбедува преземање и пренос на повици од точката за интерконекција со мрежата на операторот-корисник и нивно завршување до:

а) секој национален број доделен на операторот согласно слика 1 од Прилог 2 на овој правилник;

б) секој национален број доделен на трет оператор-корисник, ако операторот има договор за интерконекција за услуги на завршување на повик со тој оператор-корисник и ако завршувањето до тој број е технички возможно, согласно слика 2 од Прилог 2 на овој правилник.

(2) Кога податоците за идентификација на повикувачка линија се пренесени до мрежата на операторот, операторот ги пренесува тие податоци до повиканиот краен корисник ако при повикот се користела услугата CLIP.

(3) Кога податоците за идентификување на повикувачка линија се пренесени до мрежата на операторот, операторот не ги пренесува тие податоци до повиканиот краен корисник ако при повикот се користела услугата CLIR, освен кога се работи за повик кон број на служби за итни повици или кога повиканата страна има активирано функција на CLIR Override.

(4) Преку услугата за интерконекција за завршување на SMS пораки операторот обезбедува преземање и пренос на SMS пораки од точката за интерконекција до крајниот корисник во мобилната мрежа на операторот. Операторот обезбедува терминација на SMS пораки од интерконекциската точка до мрежата на друг оператор, само доколку другиот оператор ја користи интерконекциската точка на операторот за негова национална / интернационална интерконекција.

Член 9

(1) Преку услугата за интерконекција за започнување на повик на фиксни локации или започнување на повик од мобилна мрежа преку избор и/или предизбор на оператор, операторот ќе го обезбеди преносот до мрежата на операторот-корисник (Прилог 2, слика 3).

(2) Кога повикот е пренесен во мрежата на операторот-корисник со услугата за избор и/или предизбор на оператор, операторот-корисник го презема повикот, го рутира и го терминира и за тоа му наплаќа на крајниот корисник на операторот за повикот. Операторот му наплаќа на операторот-корисник за услугата за интерконекција за започнување на повик со избор и/или предизбор на оператор.

(3) Услугата за интерконекција за започнување на повик со избор и/или предизбор на оператор треба да биде достапна за сите повици, без разлика на бираниот број, освен за броевите кон итните служби и кон единствениот број на службата за итни повици (112).

Член 10

(1) Преку услугата за интерконекција за транзитирање, операторот обезбедува пренос на сообраќајот низ неговата мрежа преземен од мрежата на операторот-корисник или од мрежата на трета страна и негов пренос до друга мрежа, согласно слика 4 од Прилог 2 на овој правилник.

(2) Операторот обезбедува транспарентно пренесување на сите информации за сигнализација кои му се пренесени во врска со дојдовниот сообраќај, вклучувајќи го и CLI.

Член 11

(1) За сите услуги за интерконекција наведени во член 7 на овој правилник, се наплаќа само времетраењето на разговор за повиците кои се успешно воспоставени и на кои имало одговор.

(2) Времето на разговор започнува со сигналот за одговор и завршува со првиот сигнал кој е генериран од повикувачката или од повиканата страна кој означува дека линијата е слободна.

Член 12

(1) Операторот обезбедува услуги за интерконекција во сите точки за пристап наведени во член 14 на овој правилник, до степен до кој барањата се разумни. Одбивањето на операторот треба да биде детално образложено и доставено во писмена форма, до барателот и до Агенцијата.

(2) Операторот му обезбедува на операторот-корисник пристап до сите неопходни услуги со цел операторот-корисник да може да обезбедува сопствени електронски комуникациски услуги, вклучително и пристап до служби за итни повици, служба за информации и други услуги на платформа на интелигентни мрежи.

(3) Секое ограничување во понудата на услуги за интерконекција јасно се наведува во референтна понуда, како и временска проценка/датум кога тоа ограничување ќе биде отстрането.

Член 13

(1) Операторот во референтната понуда треба да обезбеди детални информации за параметрите за квалитет на услугите понудени на операторот-корисник.

(2) За секоја промена што операторот има намера да ја направи на својата мрежа или на местата на кои се реализира интерконекцијата, а која може да влијае врз услугите кои ги обезбедува операторот-корисник, треба да го извести опеарторот-корисник, најмалку 30 (триесет) дена пред таа промена да биде направена.

IV. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИСТАПНИ ТОЧКИ НА ОПЕРАТОРОТ

Член 14

Операторот во референтната понуда ги наведува следните информации за неговите пристапни точки:

а) бројот, адресата и капацитетот на сите комутациски центри каде што може да се реализира интерконекцијата;

б) целосен опис на сите услуги кои се нудат на секој комутациски центар посебно;

в) броеви и серии на броеви кои се опслужуваат од секој комутациски центар;

г) можни ограничувања, кои се оправдани од технички аспект, за бројот на оператори кои можат да се интерконектираат на секој комутациски центар.

Член 15

(1) Референтна понуда содржи детален опис на техничките спецификации на точките за пристап на операторот со наведување на релевантните стандарди за:

- електричен и/или оптички и физички интерфејс,
- интерфејс за пренос;
- интерфејс за сигнализација;
- онаму каде што е неопходно, информации за функционалните капацитети кои се нудат преку интерфејсите.

(2) Релевантните стандарди се применуваат според следниот редослед:

- национални стандарди;
- стандарди на ETSI (Европски институт за стандардизација во телекомуникациите)
- препораки на ITU-T;
- препораки на IETF;
- стандарди IEEE;
- стандарди на 3GPP;
- други стандарди.

Член 16

Операторот во референтната понуда наведува детални информации за неговата мрежа со цел операторите-корисници да можат да направат ефикасен избор на пристапните точки на кои ќе се интерконектираат и да го планираат развојот на нивната мрежа и услуги, а особено:

а) архитектурата и мапа на мрежата;

б) типот, бројот и локацијата на целата опрема што се користи,

в) патеките на рутирање.

V. ИНФОРМАЦИИ ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИСКИ ЛИНКОВИ

Член 17

Во референтната понуда, операторот ги наведува следните информации кои се однесуваат на интерконекциските линкови:

а) типови на линкови за интерконекција;

б) технологијата за пренос која се користи за линковите за интерконекција;

в) условите за обезбедување линкови за интерконекција кои треба да содржат, во најмала мера, рокови, цени и понудени параметри за квалитет.

Член 18

(1) Операторот обезбедува интерконекциски линк според капацитетот и техничките карактеристики по барање на операторот-корисник до ниво до кое тоа е технички возможно. Обврската на операторот за капацитетот на обезбедениот линк ќе биде јасно дефинирана во референтна понуда.

(2) Рокот за обезбедување на дополнителен капацитет за линкот за итнерконекција изнесува најмногу 1 (еден) месец од денот кога операторот ќе го добие барањето.

(3) На барање на операторот-корисник, операторот треба да го дополни капацитетот на линкот за итнерконекција со капацитет кој е доволно мал за операторот-корисник да не треба да плаќа за дополнителни капацитети кои не се неопходни и кои не се побарани.

VI. ТЕХНИЧКИ МОЖНОСТИ ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА

Член 19

Операторот обезбедува интерконекција која се реализира со линк за интерконекција меѓу точката на присуство на операторот и интерконекциската точка сместена во колокациската просторија на операторот.

Член 20

(1) Операторот го инсталира и го одржува делот од интерконекцискиот линк меѓу точката за пристап на операторот и точката за интерконекција, освен ако не е поинаку договорено од страните.

(2) Во случај на виртуелна колокација, операторот го инсталира и го одржува делот од интерконекцискиот линк меѓу точката за пристап на операторот и точката во која операторот-корисник има пристап до интерконекциски линк.

(3) Ако на делот од интерконекцискиот линк којшто е инсталиран и одржуван од страна на операторот настане дефект, операторот ги презема сите неопходни активности за идентификација и отстранување на дефектот и ги елиминира или ограничува потенцијалните загуби во рок кој не може да биде подолг од еден час од известувањето за настанатиот дефект дадено од страна на операторот-корисник или од моментот кога операторот на било кој друг начин ќе го открие дефектот.

(4) Во договорот за интерконекција, страните треба да предвидат рок за оштета, како и казни за доцнење.

(5) Казните за оштета треба да бидат целосно на товар на операторот, освен ако се докаже дека операторот-корисник е одговорен за дефектот.

(6) Ако операторот не го исполни рокот наведен во став (3) на овој член, операторот-корисник може да ги надомести штетите на своја сметка, а соодветните суми ќе му бидат вратени од страна на операторот.

VII. КОЛОКАЦИЈА

Член 21

(1) Операторот треба да му ги овозможи на операторот-корисник следните видови на колокација:

- физичка или виртуелна колокација во објект на операторот;
- физичка или виртуелна колокација во други објекти од просторот на операторот;
- физичка или виртуелна колокација во неизградената област од просторот на операторот.

(2) Операторот-корисник може да избере било која од видовите за колокација наведени во став (1) на овој член, а операторот има обврска да му овозможи на операторот-корисник барем еден од овие видови, според приоритетите наведени од операторот-корисник.

Член 22

(1) Во референтна понуда, операторот ги наведува целосните информации за локацијата на објектите каде што може да се направи колокација, како и за колокатибилниот простор (co-locatable space), расположливиот простор и резервираниот простор во секоја недвижност.

(2) Во референтна понуда, операторот ги наведува условите под кои се нуди просторот за колокација, како и ограничувањата во колокацијата на одредена опрема.

Член 23

(1) Операторот го прави достапен за колокација целиот колокатибилен простор.

(2) Операторот ја отстранува сета опрема која повеќе не се користи за да направи колокатибилен простор онолку колку што е можно, освен во случај кога чувањето на таа опрема е задолжително според законските одредби кои се на сила.

(3) Операторот го прави достапен за барателите најмалиот простор неопходен за поставување на опремата, со цел операторите-корисници да не плаќаат за објекти кои не им се неопходни.

Член 24

Доделувањето на колокатибилниот простор треба да се направи според следниот редослед на приоритети:

а) на оператори-корисници на кои веќе им е доделен простор за колокација;

б) на операторот, врз основа на известување за резервација или добиена согласност за резервација од Аченцијата согласно член 25 ставови (1) и (2) на овој правилник;

в) на операторите-корисници кои прават значителни инвестиции во електронски комуникации согласно член 25 став (3) на овој правилник;

г) врз основа на редот според кој се добиени барањата за колокација.

Член 25

(1) Операторот може да резервира најмногу 50% од колокатибилниот простор за потребите за развој на својата мрежа, во рамките на границите на расположливиот простор по претходно доставено известување за резервација до Агенцијата за период од најмногу две години од денот на доставата на известувањето до Агенцијата. Со известувањето за резервација операторот го доставува и соодветниот проект за инвестиции.

(2) Операторот може да резервира, повеќе од 50% од колокатибилниот простор за потребите за развој на својата мрежа, во рамките на границите на расположливиот простор по претходно доставено известување за резервација и добиено одобрение за соодветниот проект за инвестиции издадено од страна на Агенцијата за период од најмногу две години од денот на приемот на одобрението.

(3) Операторот-корисник кој прави значајни инвестиции во електронските комуникации може да резервира, врз основа на известување за резервација доставено до операторот заедно со соодветен проект за инвестиции одобрен од Агенцијата, најмногу 100% од колокатибилниот простор за потребите за развој на својата мрежа, во рамките на границите на расположливиот простор за период од најмногу две години од денот на приемот на одобрението. Проектот за инвестиции вклучува:

а) процент на потребен колокатибилен простор и времетраењето за кои резервацијата е побарана;

б) целта за која е наменет просторот чија резервација е побарана;

в) детални развојни цели на тримесечно ниво за просторот чија резервација е побарана, како и детален распоред на активностите што операторот и операторот-корисник имаат намера да ги спроведат за да ги исполнат тие цели.

(4) Онаму каде што Агенцијата смета дека проектот за инвестиции на операторот не ги отсликува потребите за развој на неговата мрежа, на операторот може да му наметне обврска да продолжи со доделување на просторот на операторите-корисници кои што побарале резервација или може да го отфрли барањето за резервација.

(5) Врз основа на деталниот распоред на работите наведени во проектот за инвестиции, Агенцијата на секои три месеци го верификува исполнувањето на развојните цели. Ако Агенцијата забележи сериозни отстапувања од горенаведениот распоред, ќе ја отповика резервацијата и ќе го задолжи операторот да го распредели на операторите-корисници просторот чијашто резервација е побарана или одобрена.

Член 26

(1) Физичка колокација се реализира во просторот на операторот на еден од следните начини:

а) без градење на посебна структура за раздвојување и заштита на опремата на операторот-корисник;

б) со градење на посебна просторија, ограда или друга слична структура за раздвојување и заштита на опремата на операторот-корисник, од страна на операторот-корисник или на сметка на операторот-корисник.

(2) Операторот-корисник може да избере која било од формите за физичка колокација наведени во став (1) на овој член, а операторот ја прави достапна за операторот-корисник барем една од овие форми, според приоритетите наведени од операторот-корисник.

(3) Виртуелната колокација се реализира во истиот простор каде што работи опремата на операторот, без градење на посебна структура за заштита, освен ако двете страни не се договорат поинаку.

Член 27

(1) Операторот може да одбие колокација само во следните случаи:

а) недостаток на простор за колокација,

б) колокацијата не е технички изводлива, и

в) колокацијата може да ја загрози националната безбедност или друг важен јавен интерес

(2) Операторот го докажува постоењето на ситуациите наведени во став (1) на овој член.

(3) Видот на колокација е технички возможна ако може да се реализира во техничките услови кои му се на располагање на операторот и не влијае врз интегритетот и функционалноста на неговата опрема. Форма или вид на колокација која се користи од операторот-корисник или која е определена како задолжителна од страна на Агенцијата се смета дека е технички возможна за секој друг оператор-корисник.

(4) Ако операторот одбие барање за колокација, тој треба да дозволи пристап на претставници на Агенцијата и, ако Агенцијата смета дека тоа е неопходно, претставници на операторот-корисник за да се уверат во валидноста на одбивањето.

Член 28

(1) Операторот ќе му понуди на операторот-корисник можност за поставување и поврзување во колокатибилниот простор на основната опрема која е неопходна за интерконекција, вклучително и опрема што придонесува за подобрување на перформансите на основната опрема.

(2) Операторот не му наметнува сигурносни барања на операторот-корисник кои се построги од оние кои ги применува за својата опрема.

(3) Операторот му дозволува на операторот-корисник да инсталира дел од интерконекцискиот линк меѓу границата на просторот на операторот и опремата за колокација на операторот-корисник или самиот ќе го постави овој дел од интерконекцискиот линк.

Член 29

(1) Ако настане дефект на некој од уредите што ги обезбедува операторот, тој ги презема сите неопходни активности за идентификација и отстранување на дефектот и ги елиминира или ограничува потенцијалните загуби во рок кој не може да биде подолг од еден час од известувањето за настанатиот дефект дадено од страна на операторот-корисник или од моментот кога опраторот на било кој друг начин ќе го открие дефектот.

(2) Во посебниот договор за колокација, страните треба да предвидат рок за оштета, како и казни за доцнење.

(3) Казните за оштета треба да бидат целосно на товар на операторот, освен ако се докаже дека операторот-корисник е одговорен за дефектот.

(4) Ако операторот не го исполни рокот наведен во став (1) на овој член, операторот-корисник може да ги надомести штетите на своја сметка, а соодветните суми ќе му бидат вратени од страна на операторот.

Член 30

При физичка колокација, операторот му дозволува на операторот-корисник пристап до доделениот простор, а исто така и до другите технички ресурси неопходни за поставување, поврзување, функционирање и одржување на релевантната опрема од страна на операторот-корисник, вклучувајќи и пристап до простор за паркинг и одмор, 24 часа на ден, 7 дена неделно, во работни и неработни денови, во текот на цела година.

Член 31

Операторот им дозволува на операторите-корисници на кои им е доделен простор за колокација да обезбедат свои капацитети за директна интерконекција со други оператори-корисници.

Член 32

Ако операторот има намера да ја преконфигурира својата мрежа врз основа на своите технолошки или деловни развојни планови, опремата поставена во просторот доделен на операторот-корисник може да биде повторно поставена во друг простор само ако се исполнуваат следните услови:

а) новиот простор мора да обезбедува интерконекција под истите услови како условите кои биле обезбедени од колокацијата во претходниот простор;

б) надоместокот за преместувањето треба да биде на трошок на операторот, освен ако страните не се договорат поинаку;

в) преместувањето треба да се реализира само по претходно доставено писмено известување за ваквата намера до операторот-корисник чијашто опрема треба да се премести, најмалку 12 (дванаесет) месеци пред преместувањето.

Член 33

(1) Ако за давање услуги за интерконекција е потребна колокација, операторот треба да ги спроведе сите неопходни активности за подготовка на доделениот простор и да му го даде тој простор на располагање на операторот-корисник во рок од 60 (шеесет) работни дена од денот на поднесување на барањето за колокација.

(2) Операторот-корисник ја поставува својата опрема во просторот кој му е доделен за колокација во рок од 30 (триесет) работни дена од датумот кога овој простор му е даден на располагање. По барање на операторот-корисник, Агенцијата може да определи подолг период за поставување на опремата ако смета дека тоа е неопходно имајќи ги предвид техничките карактеристики на опремата.

(3) Ако операторот-корисник не ја постави опремата во просторот што му е доделен за колокација во рокот утврден во став (2) на овој член поради неоправдани причини, операторот може да го повлече доделувањето на колокација по претходна добиена согласност од Агенцијата.

(4) Траењето на посебниот договор за колокација се определува преку преговори меѓу страните. Во сите случаи, договорот не може да се склучи на помалку од три години ако операторот–корисник побара да биде склучен на најмалку три години.

VIII. ЦЕНИ ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА И КОЛОКАЦИЈА

Член 34

(1) Операторот во референтната понуда објавува поединечни цени за сите елементи со кои се обезбедува интерконекција, со цел да се овозможи операторот-корисник да не плаќа за елементи на мрежата или придружни средства, кои што не му се нужно потребни за вршење на неговите услуги.

(2) Цените за интерконекција и колокација што ги нуди операторот треба да бидат базирани на трошоци.

(3) На барање на операторот-корисник, операторот треба да му овозможи еднократните надоместоци за реализација на интерконекција да бидат платени на 36 еднакви месечни рати, доколку договорот за интерконекција е склучен за период за и над 3 (три) години.

(4) При утврдувањето на усогласеноста на обврската од став (2) од овој член, Агенцијата ќе ја користи LRIC методологијата, со можност долгорочната предвидлива вредност на мрежните елементи неопходни за интереконекција да се пресметува користејќи ги како основа тековните трошоци на операторот.

Член 35

(3) Ако просториите во заедничкиот колакатибилен простор се доделени на повеќе од еден оператор-корисник, трошоците за подготвување на колокатибилниот простор, како и трошоците за заедничките технички ресурси, треба да бидат поделени меѓу операторите-корисници на следниот начин:

а) првиот оператор-корисник кому му е доделен простор треба да му го плати на операторот вкупниот трошок за подготвување на просторот за колокација;

б) последниот оператор-корисник кому му е доделен простор треба да му плати на секој од операторите-корисници на кои претходно им е доделен простор соодветен дел од вкупните трошоци за подготвување на колокатибилниот простор, според формулата:

$$Cn = Ct / [n (n – 1)],$$

каде што:

- Cn – сумата што n-тиот оператор-корисник треба да му ја плати на секој од операторите-корисници на кои претходно им е доделен простор во тој колокатибилен простор;
- Ct – вкупниот трошок за подготвување на колокатибилниот простор;
- n – вкупниот број на оператори-корисници на кои им е доделен простор во тој колокатибилен простор.

X. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

Член 36

(1) Договорот за интерконекција треба да е во согласност со референтната понуда одобрена од Агенцијата и Законот за електронските комуникации и треба да содржи најмалку одредби согласно членот 3 став (6) на овој правилник.

(2) Договорот за интерконекција меѓу оператор и оператор-корисник се доставува до Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на неговото потпишување во печатена и електронска форма.

(3) Агенцијата ќе ги објави оние делови од договорот на својата веб страна кои не се од доверлив карактер согласно одредбите на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и друг закон.

Член 37

(1) Кога интерконекцијата е понудена во просторот на операторот, операторот-корисник склучува посебен договор за колокација со операторот.

(2) Во посебниот договор за колокација, меѓу другото, се утврдува рокот за имплементација на колокација кој не може да биде подолг од 60 (шеесет) работни дена.

(3) Посебниот договор за колокација содржи одредби за договорна казна во случај кога операторот не се придржува кон рокот утврден во ставот (2) на овој член.

Член 38

Во случај на спор по одредбите на договорот за интерконекција или посебниот договор за колокација, било која од страните во спорот може до Агенцијата да достави барање за решавање на спор, согласно членот 52 од Законот за електронските комуникации.

Член 39

Операторот води посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција во согласност со одредбите од член 79 на Законот за електронските комуникации.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Операторите треба да ја усогласат референтната понуда за интерконекција со одредбите од овој правилник во рок од 30 (триесет) дена од денот на неговото влегување во сила.

Член 41

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и информациите што треба да бидат објавени во референтната понуда за интерконекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2015 и 129/2016).

Член 42


Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-1649/5
2 ноември 2026 година
Скопје


Директор,
Нусрет Халити, с.р.

Прилог 1


Простор окупиран од активната опрема на Операторот
Простор резервиран од Операторот за негови развојни потреби
Корисен простор на Операторот (Operator's utility space)
Простор за колокација
Слободен простор
Простор резервиран од Корисникот

Прилог 2


Интерконекциски услуги за завршување на повик (call termination) во мрежата на Операторот



Интерконекциски услуги за завршување на повик (call termination) во мрежата на друг Оператор



Интерконекциски услуги за започнување на повик (call origination) (carrier selction)




Интерконекциски услуги за пренасочување на транзит




Прилог 3

Слика 1 – Директна интерконекција во просторот на Корисникот (пример)




LTE – Линиска опрема за терминирање (завршување) - Line Terminating Equipment
MUX – Мултиплексер (Multiplexer)
DDFOp – Дигитална дистрибутивна рамка на Операторот (*Operator's* Digital Distribution Frame)
ТИ – Точка на интерконекција (Interconnection point)

Слика 2 – Директна интерконекција во посредничка точка (intermediary point) (пример)




LTE – Линиска опрема за терминирање (завршување) - Line Terminating Equipment
MUX – Мултиплексер (Multiplexer)
DDF – Дигитална дистрибутивна рамка (Digital Distribution Frame)
ТИ – Точка на интерконекција (Interconnection point)

Слика 3 – Директна интерконекција во просторот на Операторот (пример)



LTE – Линиска опрема за терминирање (завршување) - Line Terminating Equipment
MUX – Мултиплексер (Multiplexer)
DDFBf – Дигитална дистрибутивна рамка на Корисникот (*Beneficiary's* Digital Distribution Frame)
ТИ – Точка на интерконекција (Interconnection point)

Слика 4 – Интерконекција со продолжено коло (extended circuit) (пример)



IEC – Продолжено коло за интерконекција (Extended interconnection circuit) (дополнителен линк - supplementary link)
ТИ1– Точка на интерконекција во случај на интерконекција во просторот на Корисникот
ТИ2 - Точка на интерконекција во случај на интерконекција во посредничка точка (intermediary point)
ТИ3 - Точка на интерконекција во случај на интерконекција во просторот на Операторот